## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 25.07.2019

На 24.07.2019 година во 11.30 часот на граничен премин „Долно Блаце“, при влез во Р.С.Македонија, од слобода бил лишен Т.М.(51) со место на живеење во Велика Британија поради тоа што при проверки било констатирано дека се наоѓа на Стоп листата со мерка „Апси“ по барање на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за натамошна постапка.

На 24.07.2019 во 03.00 часот на граничен премим „Деве Баир“ бил приведен М.Ф.А.(48) од Република Бугарија поради постоење сомнение за сторено кривично дело по член 211 став 1 и 2 од Законот за странци. Тој бил предаден во Полициската станица Крива Паланка за натамошна постапка.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 24 јули извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, било констатирано дека 14 возачи управувале возило без возачка дозвола, 11 возила биле нерегистрирани , брзината ја надминале 25 возачи.

На 24.07.2019 во 13.15 часот во Полициското одделение Ново село, Ј.А.(67) од село Ново село пријавил дека истиот ден во 12.30 часот во селото бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на изминатиот ден (24.07.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 46 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај исклучени се 34 возачи од кои: шест возачи управувале возило под дејство на алкохол, 24 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и четири возачи почетници затоа што не се придржувале на законските ограичувања. Исто така, исклучени од сообраќај се и 21 возила затоа што не биле регистрирани. Санкционирани се пет возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, шест поради неправилно престигнување, еден поради неправилно престројување, двајца возачи поради недавање првенство на минување на возила на крстосница, 13 возачи на мотоцикли затоа што не носеле заштитен шлем-кацига, 20 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 12 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се тројца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и еден поради поминување на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 60 мандатни платни налози и 63 возила се подигнати со специјално возило „пајак". Во текот на изминатиот ден се случиле 10 сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди и пет лица се здобиле со телесни повреди.

На 24.07.2019 во 09.30 часот на регионалниот пат с.Кривогаштани-с.Житоше, прилепско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Фолксваген Голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Ј.К.(40) од Прилеп и патничко возило „Фолксваген Пасат" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.К.(43) од с.Локвени, прилепско. Во незгодата, возачот на возилото „Голф", Ј.К. се здобил со тешки телсни повреди, додека возачот на возилото „Пасат" се здобил со телесни повреди. Двајцата биле пренесени во болницата во Прилеп, каде им била укажана лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

На 24.07.2019 во 21.20 часот на регионалниот пат Прилеп-Крушево се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Опел Мерива" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Б.(32) од Прилеп и патничко возило „Алфа" со прилепски регистарски ознаки, управувано од И.Х.(29) од с.Мало Коњари, прилепско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата возачи и биле пренесени во болницата во Прилеп, каде им била укажана помош. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 24.07.2019 во 15.30 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека на крстосницата на бул.„Гоце Делчев" и ул.„Беласица" се случил инцидент помеѓу З.П.(45) од Скопје и Д.С.(30) од Скопје.Извршен е разговор со нив и ќе бидат поднесени содветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против М.С.(22) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на нарктични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.07.2018 во Кичево, на местото викано „Китино Кале", полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.Б.(33) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на нарктични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟. На 30.03.2019 околу 20.40 часот на наплатна рампа во Гостивар, полициски службеници запреле патничко возило „Фолксваген Голф‟ што го управувал пријавениот. Кога го запрел возилото почнал да бега, при што во каналот за наводнување фрлил марихуана, мобилен телефон и пари. Набргу потоа бил приведен.

На 23.07.2019 околу 12.30 часот во Полициската станица Свети Николе, З.М и Д.М. од с.Ерџелија, светиниколско, пријавиле дека биле измамени од непознато лице. Според пријавеното, лицето дошло во нивниот дом и им понудило огревни дрва на продажба. После тоа, според пријавата, заедно со З.М. отишле во с.Ерџелија, каде наводно требало да пристигне камионот со дрва. После тоа, лицето се вратило назад во домот и од сопругата на З.М. ги земал парите и заминал. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.07.2019 во 09.30 часот на ул.„Нов Живот‟ во Скопје, Ј.М.(20) од Скопје, управувајќи патничко возило „Опел Астра‟ со скопски регистарски ознаки, удрило во М.М.(55) и малолетник од Скопје. Во незгодата М.М. се здобил со тешки телесни повреди, додека малолетникот се здобил со телесни повреди. Двајцата биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски‟ – Скопје, каде им била укажана лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 20 и 21 јули Полициската станица за безбедност во патниот сообраќај Охрид во Охрид и Струга реализираше акциска сообраќајна контрола насочена кон лица што управуваат патнички возила под дејство на алкохол. Притоа, кај 24 возачи (19 во Охрид и 5 во Струга) било утврдено присуство на алкохол во крвта поради што се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките дозволи и поднесени се барања за поведување прекршочна постапка.

На 24.07.2019 во 17.40 часот во Полициската станица Карпош, Б.Ј.(26) од Гостивар пријавил дека на ул.„Васил Чакаларов‟ бил физички нападнат од А.А. и О.А. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против К.Т.(23) од село Тимјаник, неготинско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материјали‟ и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟. На 24.04.2019 во село Копришница, демиркаписко, на место викано „Селиште‟, полициски службеници извршиле претрес во викенд куќата на пријавениот, при што пронашле и одзеле 12 патрони со калибар 12 милиметри, 10 патрони со калибар 16 милиметри и марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(21) од село Пршовце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување,држење и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 17.04.2019 во атар на село Доброште, тетовско, на место викано „Ѓубриште’’, полициски службеници извршиле преглед на лица и патничко возило, при што кај пријавениот пронашле и одзеле пиштол „PIETRO BERETTA‟ со калибар 7,65 мм, за кој не поседувал соодветна дозвола.

На 24.07.2019 во 04.30 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека пред клуб во Градски парк бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Т.(22) од Скопје, М.А.(21) од Скопје, З.С.(39) од Скопје, Н.Ѓ.(22) од Скопје и М.Ѓ.(19) од Кочани, од една страна и М.Т.(28) од Скопје и Н.Д.(22) од Скопје, од друга страна. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.07.2019 во 10.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Љ.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„Архимедова‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Љ.Т.(57) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама при добивање на кредит или друга погодност‟, „фалсификување или уништување деловни книги‟ и „фалсификување исправа‟, против С.М.(53) од село Враништа поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „соизвршелство‟ во врска со „измама при добивање на кредит или друга погодност‟ и „фалсификување исправа‟ и против Ќ.П.(64) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа‟. Во текот на 2016, првопријавениот изготвил фиктивен купопродажен договор за патничко возило „Ауди А4‟, увезено од Австрија, по што противправно набавил оригинално уверение за повратник на име И.Ј. и му ги предал на второпријавениот С.М., кој во јули 2016 година, фалсификуваната документација ја дал на третопријавената Ќ.П. за да ја употреби во правниот сообраќај. По ова, на 30.06.2016, третопријавената ваквата документација ја употребила во постапките за идентификација и регистрација на возилото на свое име, односно ја приложила во центар за возила во Скопје, Биро за метрологија во Скопје и во управните служби во Струга, по што на 26.07.2016 година била извршена регистрација на возилото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.Т.(40) од с. Тработивиште и правно лице со седиште во село Тработивиште поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење‟. Во Делчево, на земјиште во сопственост на РСМ, пријавениот, во својство на управител на пријавеното правно лице, без одобрение за градење од надлежен орган на општина Делчево, извршил надградба на постоечки објект, со што постапил спротивно на одредбите од Законот за градење.

На 25.07.2019 околу 02.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Даскал Камче‟ настанал пожар во патничко возило „БМВ ‟, сопственост на Б.М.(27) од Скопје, а делумно било зафатено и возило „Тојота ‟.Извршен е увид.

На 24.07.2019 во 19.30 часот во СВР Скопје, И.С. од Скопје пријавил дека истиот ден околу 18.00 часот на улица „Максут Садик‟ во Скопје, А.Ф. физички ја нападнал неговата ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.Е.(43) од село Стрелци, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство‟. На 03.05.2019 во Медицински центар Кичево, пријавениот физички ја нападнал Г.Т.(50).

sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)